РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-104/22
0 9 -06- 2026

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), овластеното службено лице во Државната комисија за спречување на корупцијата издава:

# ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ
(за физичко лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРИТЕЛОТ НА ПРЕКРШОКОТ |
|---|---|
| Име и презиме | **Валентина Велковска - Трајановска** |
| ЕМБГ | |
| Адреса на живеалиште или на престојувалиште | |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Време и место на сторување на прекршокот | **25.02.2025 година, Скопје** |
| Опис на прекршокот | **Како член на Стручна Комисија од областа на музичката и музичко – сценската дејност за 2025 година формирана од страна на министерот за култура и туризам со Решение бр, 53-10001/1 од 14.11.2024 не се изземала во постапка за доделување на финансиски средства за проект од национален интерес во културата од областа на музичката и музичко – сценската дејност за 2025 година на Здружението за култура и изведувачки уметности ГУДАЧКИ ОРКЕСТАР АЈГА – Скопје каде што е потпишан Договор за учество во финансирање проект од нациналeн интерес во кулурата од областа на мизчката и музичко – сценската дејност за 2025 година бр. 21-1913/1 од 25.02.2025 година, помеѓу Здружението за култура и изведувачки уметности ГУДАЧКИ ОРКЕСТАР АЈГА – Скопје и Министерството за култура и туризам.**<br>**Службеното лице Валентина Велковска - Трајановска, се нашла во состојба на судир на интереси што согласно член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз** |

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

| | |
|---|---|
| | **непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности. Именуваната иако знаела дека постојат околности што укажуваат на постоење на судир на интереси, не се изземала и не запрела со своето постапување, туку учествувала во постапката за доделување на финансиски средства на здружението.** |
| Број на Записникот за констатиран прекршок | 09-104 / 11 |
| Правна квалификација на прекршокот | **член 75 став 1** од ЗСКСИ, а казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од ЗСКСИ |
| Износ на глобата за прекршокот (евра во денарска противвредност) | 500,00 евра (петстотини евра) |

| | |
|---|---|
| Сметка за плаќање на глобата | На ПП50 образец на трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка 840***(општината каде се уплаќа)05808, приходна шифра 722159, со цел на дознака Уплата на глоба по прекршочен платен налог број________ |

**ПРАВНА ПОУКА:**

Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Државната комисија за спречување на корупцијата, ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, овластеното службено лице на Државната комисија за спречување на корупцијата поднесува барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија во Државната комисија.

Потпис на сторителот

М.П. (*)

Овластено службено лице
Член
Зоран Богоевски

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 104/11
09 -06- 2026

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТИРАН ПРЕКРШОК

Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предметот број 09-3028/1 од 20.11.2025 година, по увидот во податоците од службената евиденција, констатира дека:

- Име и презиме / Назив **Валентина Велковска - Трајановска**
- ЕМБГ / ЕДБ
- Адреса на живеалиште или престојувалиште/Седиште
- Време и место на сторување на прекршокот **25.02.2025 година, Скопје**
- Опис на дејствието со кое е сторен прекршокот: **Како член на Стручна Комисија од областа на музичката и музичко – сценската дејност за 2025 година формирана од страна на министерот за култура и туризам со Решение бр, 53-10001/1 од 14.11.2024 не се изземала во постапка за доделување на финансиски средства за проект од национален интерес во културата од областа на музичката и музичко – сценската дејност за 2025 година на Здружението за култура и изведувачки уметности ГУДАЧКИ ОРКЕСТАР АЈГА – Скопје каде што е потпишан Договор за учество во финансирање проект од нациналeн интерес во кулурата од областа на мизчката и музичко – сценската дејност за 2025 година бр. 21-1913/1 од 25.02.2025 година, помеѓу Здружението за култура и изведувачки уметности ГУДАЧКИ ОРКЕСТАР АЈГА – Скопје и Министерството за култура и туризам.**
- **Службеното лице Валентина Велковска - Трајановска, се нашла во состојба на судир на интереси што согласно член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности. Именуваната иако знаела дека постојат околности што укажуваат на постоење на**

судир на интереси, не се изземала и не запрела со своето постапување, туку учествувала во постапката за доделување на финансиски средства на здружението.

- Правна квалификација на прекршокот: член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија,, број 12/2019), а казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

НАПОМЕНА: На сторителот му се издава прекршочен платен налог.
*записникот се составува согласно со член 49 од Законот за прекршоците (ЗП )
*записникот го потпишува само овластеното службено лице, согласно со член 49 став 2 од ЗП
*записникот се составува во три идентични примероци, од кои еден му се доставува на сторителот заедно со издадениот прекршочен платен налог.

М.П. (*)

Овластено службено лице
Член
Зоран Богоевски

Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З.- раководител на сектор